ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА

Од АЛЕКСАНДАР ДАШТЕВСКИ Претседател на ДИК

Почитувани,

Ја поддржувам и почитувам слободата на медиумите, како неприкосновено и загарантирано право и Вашата задача да истражувате и поставувате прашања од јавен интерес, да пренесувате информации, идеи и мислења и за истото да ја известувате јавноста, со цел јакнење на демократијата и градење на стабилно и добро развиено цивилно општество, а ние носителите на јавни функции имаме обврска да постапиме по Вашите барања, поради што ќе дадам одговори на поставените прашања, на најтранспарентен начин.

Како носител на јавна функција, сум должен да одговорам само на прашања од јавен интерес, во врска со вршење на функцијата на која сум избран, моите овластувања и должности како одговорно лице на ДИК, надлежностите и функционирањето на ДИК, а не и на лични прашања од мојот семеен и приватен живот, кои во ниту еден аспект не се поврзани со вршење на мојата функција и професионалните задачи.

Меѓутоа, следејќи го мојот професионален пристап и апсолутната транспарентност, ќе одговорам и на тие прашања и покрај тоа што истите ниту го засегаат, ниту се на штета на јавниот интерес.

Пред да дадам одговор на првото прашање:

1.Зошто Славица Ѓ[redacted], мајка на мојата сопруга, ме ополномошти токму мене, а не некои од нејзините деца, да ја заокружам купопродажбата на недвижниот имот во Елани, Грција, сакам да го напоменам следното:

Јас ниту сум купувач ниту продавач во договорот за купопродажба на недвижност кој го цитирате за имот туку полномошник за превземање едно дејствие-подигнување на документација. Како полномошник согласно законот имам обврска да ги заштитам личниот и приватниот живот на лицата кои ме овластиле, затоа ќе се задржам само на оние работи кои претставуваат јавен карактер.

Информација од јавен карактер е само јавна исправа (имотен лист) од кој може да се види правото на сопственост на определена недвижност, носителот на тоа право и правниот основ на стекнувањето, односно промената на правото на сопственост. Документите за лична идентификација на договорните страни, изводи од соодветните матични книги, полномошна кои содржат лични и доверливи информациии за договорните страни, односно нивните застапници, се составен дел на изворникот кој го води надлежен нотар, односно на списите на судски предмет и до нив, не смее и не може да има пристап лице кое нема правен интерес.

Недозволен е увид во такви списи, кој опфаќа и копија, односно препис на документи од таков карактер, кои не се јавни, **што укажува дека документацијата која ја имате прибавено е стекната на незаконит начин, со што е повредена и мојата приватност и приватноста на други лица, кое е целосно непрофесионално и спротивно на принципите на однесување и кодексот на етички вредности на новинарите.**

Оттука прибавувањето на договорот и негово објавување во јавноста е спротивно на Казнените одредби од Кривичниот законик и тоа

## Повреда на тајноста на писма или други пратки

**Член 147**

1. Тој што без судска одлука или согласност на лице на кое му се упатени ќе отвори туѓо писмо, телеграма, некое друго затворено писмено или пратка или обезбедена електронска пошта или на друг начин ќе ја повреди нивната тајност или ќе задржи, прикрие, уништи или на друг ќе му предаде туѓо писмо, телеграма, затворено писмено или пратка или обезбедена електронска пошта, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.
2. Тој што со намера за себе или за друг да прибави некоја корист или на друг да му нанесе некоја штета, ќе му ја соопшти на друг тајната што ја сознал со повреда на тајноста на туѓо писмо, телеграма или некое друго затворено писмено или пратка или обезбедена електронска пошта или ќе се послужи со оваа тајна, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
3. Ако делото од ставовите 1 и 2 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од три месеци до три години, а за делото од став 2 со затвор од три месеци до пет години.
4. Гонењето за делото од ставовите 1 и 2 се презема по приватна тужба.

## Неовластено објавување на лични записи

**Член 148**

(1)Тој што без дозвола на авторот во случаите кога такво одобрение е потребно, ќе објави дневник, писмо или друг личен запис, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

## Злоупотреба на лични податоци

**Член 149**

1.Тој што спротивно на условите утврдени со закон без согласност на граѓанинот прибира, обработува или користи негови лични податоци, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

2.Со казна од став 1 се казнува тој што ќе навлезе во компјутерски информатички систем на лични податоци со намера користејќи ги за себе или за друг да оствари некаква корист или на друг да му нанесе некаква штета.

3.Ако делото од ставовите 1 и 2 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

4. Обидот е казнив.

5. Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Сакам да укажам дека секој е слободен во изборот и одлуката дали и со кого ќе стапи во облигационо-правен однос, дали правната работа ќе ја преземе самиот или преку застапник, врз основа на издадено полномошно. Застапник може да биде секое лице кое не мора да е роднински поврзано како на пример дипломиран правник, адвокат и слично. Согласно позитивните законски прописи во Р.С.Македонија, договорот што ќе го склучи застапник од името на застапувано лице и во границите на своите овластувања ги обврзува непосредно застапуваниот и другата договорна страна. Значи дека со застапувањето застапникот не оставарува финансиска корист за себе туку превзема дејствие во име и за сметка на застапуваниот.

**Поради моето долгогодишно искуство како правник, кој има високи познавања во правната област и поради тоа што се работи за жена во поодминати години и лаик во**

**правото, сметам дека е доволна причина да бидам овластен во нејзино име да подигнам документација со која се заокружува процесот и сметам дека се работи за лични и семејни околности, за кои немам обврска да ја информирам јавноста, истите не се на штета на јавниот интерес и ќе се воздржам од дополнителни изјави.**

Согласно чл.76 ст.1 од Законот за облигационите односи: Договор, како и друга правна работа може да се преземе и преку застапник.

(2) Овластувањето за застапување се засновува врз закон, статут или друг општ акт, врз акт на надлежниот орган или врз изјава на волјата на застапуваниот (полномошно).

Согласно чл.77 ст.1 од истиот закон: Договорот што ќе го склучи застапник од името на застапувано лице и во границите на своите овластувања ги обврзува непосредно застапуваниот и другата договорна страна.

(2) Под истите услови и другите правни работи на застапникот произведуваат правно дејство непосредно спрема застапуваното лице.

(3) Застапникот е должен да ја извести другата страна дека настапува од името на застапуваниот, но и кога тој не ќе го стори тоа, договорот произведува првно дејство за застапуваниот и за другата страна, ако оваа знаела или од околностите можела да заклучи дека тој настапува како застапник.

Моја обврска е да ја известам Државната комисија за спречување на корупција, само доколку јас или лице со кое живеам во семејна заедница, се стекне со право на сопственост, односно друго стварно право врз недвижен имот, подвижен предмет, банкарски депозити, хартии од вредност и удели, согласно законските механизми предвидени со важечките прописи во Р.С.Македонија, за што редовно поднесувам анкетен лист.

Со оглед дека со именуваното лице, не живеам во семејна заедница, немам обврска да доставувам податоци и да давам информации за нејзиниот имот и начинот на кој истата се стекнала со правото на сопственост на тој имот, истите факти немаат влијание врз мојата функција и не ја доведуваат во прашање мојата објективност и стручност.

Но, во секој случај, податоците на лицата со кои секој носител на јавна фунцкија живее во семејна заедница и кои се пополнуваат во анкетниот лист се заштитени со закон и истите не се објавуваат, што значи дека не се достапни за јавноста, поради што Ве повикувам во иднина да се воздржувате од вакви прашања кои de facto и de jure значат мешање во правото на приватен живот.

Во однос на следните 3-три прашања кои се поврзани со предметниот договор и кои се однесуваат на начинот и времето на плаќање на купопродажната цена, како полномошник имам обврска да ги чувам како деловна тајна и причините кои претходно ги образложив.

**Договорните страни се приватни субјекти, кои со договорот уредуваат нивни меѓусебни права и обврски, кои не го засегаат јавниот интерес и не опфаќаат област и прашања од општ, односно јавен интерес, поради што истиот не може да биде јавно достапен. Дополнително, договорот содржи лични податоци за договорните страни (единствен матичен број, адреса: улица, куќен број, населено место, општина, податоци за застапникот, број на документ за идентификација), кое е уште една причина зошто истиот не смее да биде објавен и достапен до јавноста.**

Иако оваа половична информација може да ве доведе во заблуда ќе се воздржам од коментари за тоа кој ги направил достапни ваквите податоци и на кој начин се добиени

истите, се до добивање на точни и верификувани информации, по што ќе биде поведена соодветна постапка против сите вмешани субјекти, кои ги повредиле законските прописи и прибавиле информации на незаконит начин.

Приватниот живот опфаќа и лични информации за кои лицата очекуваат дека нема да се објават од страна на печатот без нивна согласност. Во определени околности, дури и кога дадено лице е познато на јавноста, тој или таа може да се потпре на „легитимно очекување" на заштита и почитување на неговиот или нејзиниот приватен живот и јавната власт и медиумите не смеат да се мешат во остварување на ова право, особено кога истото не е на штета на јавната безбедност, ниту задира во правата и слободите на другите, за кое правно прашање постои и јасна пракса на Европскиот суд за човекови права.

Поради наведеното во однос на првите 4 прашања не давам согласност да се објавуваат податоци за приватни лица кои не се носители на јавна функција и доколку објавите било каков податок , документ или слично ќе ги превземам сите законски дејствија кои стојат на располагање во согласност со законите.

**II.** Што се однесува прашањето во врска со јавната набавка на Интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите и потпишување на договорот со "Дермалог", во согласност со моите лични, професионални и етички принципи и обврската да ја информирам јавноста за прашања од јавен интерес, како носител на јавна функција, ќе се обидам да дадам кратко објаснување, со акцент на работите кои во рамки на дозволеното можат да ги анализирам и презентирам во јавноста и за кои сметам дека можат да бидат од јавен интерес.

Пред се, сметам дека е важно да се потенцира дека постапката за јавна набавка на интегриран систем за биометриска идентификација на гласачи, која му претходеше на склучениот договор за јавна набавка со најповолниот понудувач и носител на набавката, беше правилна и законита, спроведена врз основа на целокупната тендерската документација и дефинираните технички спецификации, кое резултираше со успешен изборен процес, без дијагностицирани проблеми во однос на примената на уредите за биометриска идентификација на гласачите.

За време на целокупниот изборен процес во 2021 г. при спроведување на локалните избори, уредите за биометриска идентификација на гласачите, ги оствариja целите и намената за која истите беа имплементирани согласно договорот и предвидените изборни дејствија во Изборниот законик и техничката спецификација за набава на опремата. До Државната изборна комисија немаше поплаки, ниту критики од гласачите за работењето и функционирањето на уредите за биометриска идентификација, како што и јавноста знае, изборите во тој дел поминаа без никакви пречки и тоа е она што е од заеднички интерес.

Во однос на процесно-правниот аспект за склучување на договорот, зошто и колку членови на комисијата го потпишале извештајот од спроведената постапка, сакам да напоменам дека целокупниот процес на реализација на предметниот договор за јавна набавка беше спроведен од страна на одговорни и овластени лица и под соодветен систем на контрола, во согласност со предвидените одредби во договорот и позитивните законски прописи и не постои никаква нерегуларност.

Извештајот на петчлената комисија е потпишан од тројца членови од комисјата, што значи дека предлогот за избор на најповолен понудувач, е донесен од мнозинство од членовите на комисјата и јас како одговорно лице на ДИК, сум должен при изборот на

најповолна понуда, да го прифатам извештајот на комисјата.

Согласно чл.111 ст.4 од Законот за јавни набавки "При избор на најповолна понуда, одговорното лице е должно да го прифати извештајот на комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда, освен ако утврди дека предлогот е изготвен спротивно на одредбите на овој закон".

Државната изборна комисја во рамки на своите законски можности, ги направи сите напори за успешно организирање на изборен процес без пречки и со почитување законските рокови и прописи, со цел навремено спроведување на локалните избори во 2021 г. За следните избори, Државната изборна комисија ги разгледува сите можни применливи мерки за дополнително усовршување на работата со уредите за биометриска идентификација на гласачите.

Оттука сметам дека целокупната постапка за избор беше проверена од сите надлежни институции како што се Биро за јавни набавки, Второстепена комисја во бирото за јавни набавки, управната контрола , Управниот суд на РСМ, Вишиот управен суд на РСМ, Државниот завод за ревизија и притоа не се констатирани никакви неправилности направени од страна на ДИК.

Поради тоа сметам дека постои тенденција од ваша страна да ми се наштети по секоја цена што би претставувало отежнителна околност во случај да го објавите цитираниот документ.

Со почит